Бр. 08 - 41/2
25.02.2020год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на дваесет и седмата седница одржана на ден 14.02.2020 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-4088/1 од 30.08.2019 година.

Предметот со број 08-4088/1 од 30.08.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

ДКСК по сопствена иницијатива оформи предмет заклучи да се изврши увид за тоа дали поднел анкетен лист за имотната состојба лицето ______________.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека на лицето __________ му престанала функцијата министер за _______________ на ден 26.06.2019 година идека во законски предвидениот рок не поднело анкетен лист со што сторил прекршок утврден со член 82 од ЗСКСИ.

Тргнувајќи од наведеното ДКСК согласно членот 114 од ЗСКСИ му издаде прекршочен платен налог. Од страна на именуваниот е доставен доказ дека е платена половина од изречената глоба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Контролирал: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk